РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12955/4
15-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-325/1 од 20.01.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за унапредување на работник на работно место „---------", Оддел за граѓански работи при Министерството за внатрешни работи, врз основа на Интерен оглас број ------- од ------ година, **СЕ ЗАПИРА**.

Наводите во пријавата со број 12-325/1 од 20.01.2025 година, **СЕ ПОТВРДУВААТ**.

ДКСК ќе постапи во рамките на своите надлежности, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ќе иницира постапка до друг надлежен орган.

Предметот со број 12-325/1 од 20.01.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До ДКСК, од страна на непознат подносител, на ден 20.01.2025 година е поднесена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за унапредување на работникот ----- на работно место ------- во Секторот за управно – надзорни работи, Оддел за граѓански работи во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: МВР), врз основа на Интерен оглас број ----- од ------ година, по што е оформен предмет број 12-325/1 од 20.01.2025 година.

Имено, во пријавата се наведува дека спроведената постапка за унапредување не е во согласност со Актот за систематизација на работните места во МВР, каде за работното место -------- на Секторот за управно-надзорни работи, Оддел за граѓански работи во МВР е

предвидено кандидатот да има завршено високо образование Правен факултет, со 240 ЕКТС кредити, односно завршен VII/степен на образование. Во пријавата се наведува дека било унапредено вработено лице кое го нема бараното образование согласно Актот за систематизација на работните места односно дека лицето имало завршено Филозофски факултет.

Во насока на проверка на пријавените наводи и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање за прибирање информации и документација до МВР за вршење на внатрешна контрола, додека до Државниот инспекторат за труд достави Барање за вршење на вонреден инспекциски надзор над предметната постапка.
Во законски утврдениот рок, до ДКСК од страна на МВР и Државниот инспекторат за труд доставени се одговори со бараната документација, меѓу кои и класифицирани информации кои овие две институции како создавачи на информаците ги означиле со степен на класификација „Строго доверливо" и истите во ДКСК се заведени под број ------ од 18.12.2025 година и број ------ од 21.05.2026 година.

Од увидот во целокупната документација во предметот ДКСК го констатира следното:

Во конкретниот случај станува збор за постапка за унапредување на вработен реализирана врз основа на Интерен оглас број ---- кој бил објавен на ден ------ година за работно место „-----------", Оддел за граѓански работи при МВР.
За предметното работно место, согласно објавениот оглас и Актот за систематизација на работни места во МВР, било предвидено да се вработи лице со степен на образование- 240 ЕКТС кредити, односно завршен VII/степен на образование - Правни студии.
Предметната постапка била спроведена согласно одредбите од Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Колективниот договор, Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на систем на кариера, на работниците во МВР и други подзаконски акти.
Постапката ја спровела Комисија за распоредување и унапредување за работни места во организациските единици за МВР формирана со Решение на министерот, која во својата работа е самостојна и самостојно одлучува и која согласно своите овластувања врши избор од кандидатите кои ги исполнуваат условите.
МВР направила контрола на работата на Комисија за распоредување и унапредување за работни места во организациските единици за МВР за предметната постапка при која било утврдено дека во постапката е постапено согласно законските и подзаконските акти, а при изборот на кандидатот Комисијата го ценела фактот дека истиот бил магистер на правни студии по казнено право на Правниот факултет во Скопје и при одлучувањето го зела предвид највисокото завршено образование на кандидатот.

Избраниот кандидат, -------, во моментот на пријавување на предметниот оглас и изборот по истиот, имала завршено Филозовски факултет во Скопје и 240 кредити според ЕКТС со диплома од 07.11.2006 година. Со назив магистер по право од обласа – казнено право именуваното лице се стекнало на ------ година, со одбрана на магисерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, но Диплома/Уверение за ова стекнато образование не е приложена како доказ, туку до ДКСК е доставена само Одлука за одбрана на магистерскиот труд од 29.09.2014 година.
Лицето било вработено во МВР од 2001 година. Одлука работникот ------- да се унапреди на работно место во Категорија Б, Ниво Б3, ------ во Секторот за управно-надзорни работи е донесена на 25.11.2024 година.

На 18.12.2025 година, МВР доставува информација со степен на класификација „Строго доверливо", заведен во ДКСК со број ------ и во Прилог е доставен Правилникот за систематизација на работните места во МВР и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во МВР.

На 21.05.2026 година, Државниот инспекторат за труд доставува информација со степен на класификација „Строго доверливо", заведен во ДКСК со број ------ со која се доставува Записник од извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 ------- од 22.04.2026 година и Записник ИП1 -------- од 04.05.2026 година. При надзорот констатирани се неправилности во предметната постапка за унапредување. На државниот инспектор за труд не му била доставена на увид како доказ диплома или уверение за завршено и стекнато образование наведено во пријавата, која пак му е презентирана дополнително по негово барање со датум на издавање од 25.08.2025 година. Уверението за стекнатиот назив магистер е со датум на издавање по датумот на објавување на огласот за предметната постапка за унапредување (16.12.2024 година), што значи дека истата неможела да се презентира како доказ во истата постапка.
Воедно, Државниот инспекторат за труд се изјаснува за ненадлежен да се впушта во толкување дали унапреденото лице има Филозовски факултет или е магистер по казнено право, назив стекнат на вториот циклус на правни студии при Правен факултет Скопје и во тој дел барањето го доставува на надлежност и постапување на ДКСК.

Имајќи го во предвид сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека се потврдуваат наводите во пријавата за сомневање за незаконитости во постапка за унапредување на работник на работно место ------ во Секторот за управно – надзорни работи, Оддел за граѓански работи во Министерството за внатрешни работи врз основа на Интерен оглас број ------- од ------ година. ДКСК ќе постапи во рамките на своите надлежности и до

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

надлежен орган - Основно јавно обвинителство на РСМ ќе достави Иницијатива за кривично гонење против лицата вклучени во предметната постапка за унапредување.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател/Nënkryetar**

**Besnik Xhemaili**

Изготвил: м-р Ф.О.,Советник и Офицер за безбедност на класифицирани информации
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-Заменик претседател/Nënkryetar